# ЛИКОВНА КОЛОНИЈА

# КИЧЕВО '96

## ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ЛИКОВНАТА КОЛОНИЈА - КИЧЕВО '96

Владо Толески претседател, директор на ДОО „Тајмишта", Кичево
Ацо Илиески, член, директор на РЕК „Осломеј", Кичево
Радован Анѓелески - член, директор на ДО „Тане Цалески"
Вукашин Божиноски, член
Мирослав Крстески сликар, координатор и стручен соработник
Љупчо Маленко, историчар на уметноста
Васил Василев, член, проф. на ФЛУ
Часлав Марковиќ, сликар, член

ИЗЛОЖБЕН САЛОН ХОТЕЛ „КИЧЕВО“
КИЧЕВО

# ЛИКОВНА КОЛОНИЈА КИЧЕВО '96

СЕПТЕМВРИ 1996 г.

За подобро да се разбере значењето на оваа млада ликовна колонија, како и творечката атмосфера во градот Кичево, на авторот на овие редови му се наметнаа мислите на Витомир Србљаковиќ кој за тоа што значи да се живее во средина без ликовна традиција вели: „...Да се живее во мало место без ликовна традиција, а своето слободно време да се врзува со сликарството, не значи да се биде жртва на својата љубов, туку значи и надвладување на животната секојдневност и средина, наметнувајќи им се“. Ова дотолку повеќе што носители на формирањето и работата на оваа колонија се Г-дин Владо Толевски, ген. директор на ДОО „Тајмиште“ и неговите соработници, како и академскиот сликар од Кичево Мирослав Крстески, без чија помош и подршка колонијата не би можела да се оствари. Нивниот голем ентузијазам, напор и истрајност во организирањето на колонијата ми дава за право да ги наречам мисионери кои настојуваат да дадат ново значење и прилог кон извлекување на нивниот град од затвореност и анонимност. За се што досега направија си дозволувам во името на кичевчани, во името на сите досегашни и идни учесници на кичевската колонија да им изразам голема благодарност и признание. Воедно искрена благодарност им изразувам и на сите уметници кои со своето учество дадоа свој придонес во создавањето на богатата колекција уметнички дела.

Годинава на ликовната колонија Кичево ‘96 зедоа учество единаесет автори од различни сликарски генерации и средини, кои од прекрасниот амбиент на Кнежинскиот манастир „Св. Ѓорѓи“ црпеа најразлични лични визуелни рецепции, кои различно транспонирани беа пренесувани на платно, хартија, дрво и други материјали. Делата на единаесетмината, создадени во еден одреден период, се своевиден прилог кон натамошната афирмација на оваа млада ликовна колонија. Сплотени духовно, единаесетмината почнаа од првиот ден да комуницираат со еден чудесен јазик, божествениот јазик на уметноста. Тоа едноставно можеше само да се почувствува не и да се слушне, токму тогаш кога ќе завладееше мир, кога секој се повлекуваше пред својот штафелај, размислуваше, набљудуваше и говорот почнуваше преку мирисот на боите и терпентинот кои ширејќи се, ги опиваше сите единаесетмина. Така немо комуницираа тие, уметниците, вдишувајќи го и раздробувајќи секој со сопствените сетила тој мирис во најразлични бои и расеци. На крај, кога ќе завршеа со работа се чувствуваше задоволство, но ниту збор за немиот разговор. Тогаш делата го откриваа нивниот говор кој јас сега го гледав, а тие, единаесетмината задоволни и видно исполнети беа среќни што и тој ден убаво „немо“ комуницираа. Уметниковиот сеизмограф веќе ги беше регистрирал мислите и треперењата на емоциите на единаесетмината уметници на платното, хартијата и трупците дрво, а делата ја добиваа својата вечност и постојаност.

Карактеристично е тоа, што на визуелното, допирното и чулното чувствување на природната околина уметниците и даваат оригиналност на уметноста што ја создаваат, кон која пак имаат свој приод - апстрактен или реалистичен. Повеќето уметници не го сликаат пејзажот онаков каков што е, бидејќи неговите форми и бои ги користат како појдовни за своите посебни ликовни изрази. Така Васил Василев, создаде три монументални скулптури во дрво поттикнат од самиот материјал и експресијата во кои наоѓаме лирски асоцијации, видлива структура на дрвото соодветно обоена и исликана. Проткаени се промислени расеци со видливи интелектуални истражувања, размисли за стоичноста и движноста на скулптурата. Забележливо е авторовото

„просторо мислење“ со елементарност и јасност во расеците. За Ибрахим Беди се чини дека материјалот не претставува проблем. Користи сè. Создава уметнички дела постојано трагајќи по праформите, облиците, статичното и движното. Неговите инсталации - скулптури се, пред сè, од ентериерна природа заради димензиите. Делата носат вредност на симболи и митолошки предмети, бројни сеќавања препуштени на времињата. Мистичноста е потенцирана и со употребата на палени површини. Засновани повеќе врз содржината на идејните размисли ќе произлезе и формата на делата. Мирослав Стојановиќ-Шуки создава дела на кои се прикажани сосема едноставно приказни настанати и поттикнати од автентичниот амбиент. Станува збор за интересна психичка реконструкција што наведува на стилизирана мисловност и откривање преку плохата, знакот и линијата-нешто што личи на симбол. Сања Раониќ запловува во светот на илузијата, фантазијата и мистеријата со благи насети на фигурација. Нејзиниот сензибилитет пулсира кон личното, сензуалното и митското. Создава слики на свет кој се наоѓа меѓу постоењето и привидното-магијата и илузијата. Доживеаниот Кнежински манастир и воопшто македонската земја, Наталија Химирска го гледа со нежна и гостољубива лирика. Таа како да сака да ја отргне од заборав помалку заборавената реликвија на минатото и неодговорниот однос на луѓето кон сопствената земја. Зоран Јакимовски слика во свој манир. На неговите дела се наметнуваат метафизички тонови, постигнувајќи интересна рамнотежа помеѓу видливото и преобразеното. Слика космички, но повторно инспириран од автентичниот крајолик. Глигор Васков слика искрено, отворено и без загатки, при што е видливо неговото расположение. Својата инспирација ја наоѓа во облаците, небото, пределот и во ноќта со полна месечина над манастирскиот комплекс. Создава интересни, преобразени и апстрактни облици кои ги слика. Делата на Мирослав Крстески претставуваат лични психички исповеди. Неговите цртежи и слики се настанати во моменти на експериментален немир, откривајќи ја мечтата и широчината на изразните варијанти. Неговите ликовни записи се асоцијации на светлосни фонови и звуци од некоја чудна музика. Бети Аврамовска која единствено реалистички се реши да го прикаже пределот околу „Св. Ѓорѓи“, во реализирањето пристапи на еден експресионистичко-импересионистички начин (бои и форми), пренесувајќи го изгледот и звукот на старата по малку заборавена манастирска традиција во еден современ пејзаж со неговите составни елементи-едноставен и прозаичен. Сузана Стевчевска наполно го ангажира гледачот. Таа создаде дела во кои ги вткаи сопствените гледања на светот, односно нишките на нејзините арии, каде што не смета само на слушноста, туку и на димензиите на тактилност и визуелност. Светлана Коруновска Аџигогова ја слика природата на поделикатен начин, но на крај нејзините слики повторно водат кон извориштата на претставата. Боите се користени од самата природа како и сите емоции произлезени од неа, па така нејзината тема е вистински одраз на тие бои, атмосфера, простор и светлина. Тоа се интересни лични размисли и давање на можни одговори на вечните прашања за постоењето на космосот како и за безвременски феномени.

ЉУПЧО МАЛЕНКОВ
Историчар на уметноста


1



***Зоран Јакимовски***

***проф. академски графичар - сликар***

***- Без наслов***

***92 x 73***

***тех. масло на платно***




**_Васил Василев_**

***йроф. академски вајар***

***- Асоцијашивна форма***

***200 x 50 x 50***

***дрво***



**_Беди Ибрахим_**

**_академски вајар_**

**_- Птица_**

**_200 x 60 x 60_**

**_дрво, камен_**




***Мирослав Крстески - Миро***

*академски сликар*

*- Без наслов*

*92 x 73*

*тех. масло на платно*



**_Глигор Васков_**

***академски сликар***

***- Без наслов***

***100 x 81***

***тех. масло на платно***



**Наталија Химирска**
*академски сликар*
*- Мртва природа*
*92 x 73*
*тех. масло на платно*
*Бугарија*



**Елизабета Аврамовска Бети**
*академски сликар*
*- Кнежински манастир*
*100 x 81*
*тех. масло на платно*

***Светлана Коруновска Аџигогова***

***академски сликар***

***-Без наслов***

***100 x 81***

***тех. масло на платно***



9



10

***Мирослав Стојановиќ Шуки***

***академски сликар***

***- Писмо***

***92 x 73***

***тех. масло на платно***



## *Сузана Стевчевска*

*академски графичар*
*- Без наслов*
*100 x 81*
*тех. масло на платно*



## *Сања Раониќ*

*академски сликар*
*- Портрет на уметникот*
*во младоста*
*100 x 81*
*тех. масло на платно*
*Црна Гора*

Ноќ во Кнежино. Опкружен сред неисушени свежи бои на единаесетте палети, седнат на борови отсечоци и чувствувајќи ја смолата како се прилепува на моите панталони, сред многубројни завршени и недовршени сликарски платна и ги препуштив моите мечти на месечината која помогната од илјадници ѕвезди го осветлуваше манастирскиот шумовит простор. Ни грижите од претходниот ден не можеа да го потиснат впечатокот на величествената шума и малиот манастир „Св. Ѓорѓи“ во ноќта. Темнозелените, окерасти, виолетови и сребрено јасните отсјаи се преливаат, се превртуваат... живеат единствено како боја... боите на Кнежино, ноќе. Ја гледам месечината како мирно плови по небото. Долго го следев нејзиниот нетрасиран, бесконечен пат. Кога очите ќе се затвореа, кога за момент очните капаци ќе се спуштеа, под нив се отвораше свет на чудесни галаксии... огномети од мали блескави сонца се распаѓаа во милиони искри осветлувајќи ја ноќта. Потоа ги отворав очите и повторно ја гледав месечината, милиони ѕвезди и „неа“. Единствено огинот кој догоруваше почнуваше да ме отргнува од прекрасната помисла да ја имам, да се вовлечам во неа, да се вплотиме заедно со неа, со неа... со таа прекрасната... божествено женствена... убавина, уметноста. А седеше до мене... беше многу блиску... можеби ме посакуваше? Не знам, бев среќен што едноставно сум тука. Бев радосен што разговарав со неа сред тишината без ниеден збор да проговориме. Не знам зошто, но некаков чуден спој чувствував со сликите на Светлана Коруновска Аџигогова. Занесен така, го дочекав утрото, размислувајќи долго како да ја „крстам“ оваа ноќ, оваа ноќ на месечево-ѕвездена светлина, оваа убавина околу „Св. Ѓорѓија“... во четири часот наутро ја нареков кнежинска. Истиот ден, разделба. Посакав довидување догодина.

ЉУПЧО МАЛЕНКОВ

Работата на ликовната колонија Кичево ‘96 и печатењето на каталогот го овозможи ДОО „Тајмиште“ - Кичево

Печати: ДОО „Коста Абраш - Графопак“ - Охрид